# СОУ „Кочо Рацин“ Свети Николе

## Кодекс за однесување на учениците

## од СОУ „Кочо Рацин" Свети Николе

Во училиштето како воспитно образовна институција учествуваат учениците, наставниците, родителите и другите фактори со чие взаемно дејствување се реализира воспитно- образовниот процес.

Во училиштето на секој ученик му се овозможуваат услови за стекнување на научни вистини кои ќе бидат дел од неговата свест и ке бидат мотив за негово практично работење.

Ученикот во училиштето преставува активен субјект кој има своја улога, свои права но ,и свои обврски и должности кои треба да ги остварува.

Со запишување на ученикот во училиштето секој ученик се обврзува да ги почитува правилата на овој кодекс.

За не почитување на правилата од кодексот се преземаат и изрекуваат педагошки мерки кои се регулирани со Законот за средно образование и со Статутот на училиштето.

Во воспитно образовниот процес ученикот треба:

- *Учениците се должни редовно да ја посетуваат наставата;*
- *Учениците се должни во училишната зграда, дворот и другите простории да одржуваат ред и да не пречат во реализација на наставата;*
- *За време на наставните часови учениците да бидат дисциплинирани и работно ангажирани и активни т.е. да имаат работна атмосфера;*
- *Учениците да имаат пристоен однос и комуникација со своите ученици, а особено со наставниците;*
- *Развивање на еколошка свест и зачувување на средината во која учениците престојуваат;*
- *Строго се забранува внесување на храна, пијалок и други предмети во училишната зграда;*
- *Учениците да обрнат внимание на естетското уредување на својата училница и училишните холови;*
- *Учениците кои ке направат штета кон училишниот имот, штетата сами ке ја надоместат;*
- *За секое сторено добро дело и постигнат успех учениците ке бидат пофалувани а за непочитување на куќниот ред ќе се применуваат соодветни педагошки мерки*
- *Забрането е користење на мобилен телефон на час*
- *Учениците имаат обврска редовон да посетуваат настава и да бидат вклучени во наставниот процес;*

- *При конзумирање на храна и безалкохолни пијалоци во просториите на училиштето остатоците од храна и амбалажата од пијалоците треба да се*

*ставаат во корпите за таа цел кои се наоѓаат во секоја училница или во ходниците*

- *Поради можна опасност од инфекции од болести, учениците треба да обрнат поебно внимание на хигиената и употребата на тоалетите*
- *Учениците се должни да го чуваат инвентарот на училиштето и опремата за практична настава*
- *Учениците се должни меѓусебно да се почитуваат, како ида ги почитуваат наставниците, вработените во училиштето и возрасните*
- *Помеѓу учениците не смее да има дискриминација на национална, полова, етничка и верска основа*
- *Забрането е навредување и омаловажување на учениците врз основа на материјалниот и социјалниот статус*
- *Строго е забрането и казниво уништувањето на училишниот имот, пишувањето по ѕидовите, чкрпањето по клупите, столови и сл.*

*Согласно протоколот и препораките за заштита од корона вирус Ковид-19 кодексот за ученици се дополнува со следните точки:*

- *Учениците се должни да ја посетуваат наставата редовно со физичко присуство или онлајн*
- *Задолжително извршување на сите обврски утврдени со годишната програма за работење на училиштето и задолжително почитување на мерките и препораките за заштита од Ковид-19*
- *Задолжително да се изврши дезинфекција на раце и обувки со средствата поставени во училиштето*
- *Следете ги ознаките кои упатуваат кон правецот за движење*
- *По завршување на часовите не смеете да се задржувате во училиштето повеќе од потребното (5 минути)*
- *Ученикот со симптоми веднаш се пријавува на одговорниот наставник и се сместува во посебна просторија*
- *Влегување во училиштето е дозволено само со задолжително користење на заштитни маски/покривка на лицетоза ученици во училиштето*
- *Сите ученици задолжително да ја почитуваат мерката за физичка дистанца од најмалку 1,5 метар.*
- *Користењето на спортската сала, библиотеката и други простории препорачливо е да биде од група ученици од иста паралелка, така што да нема можност за мешање на ученици од различни паралелки*
- *Употребата на тоалетите се организира со присуство на помал број ученици и запазена дистанца (на пример, ако тоалетот е помал, ученикот треба да чека надвор од тоалетот додека излезе ученикот којшто е внатре*
- *Се забрануваат сите видови физички контакти за поздравувања меѓу вработените во училиштето и меѓу учениците*

*Директор*

# СОУ „Кочо Рацин“ Свети Николе

*ЕТИЧКИ КОДЕКС ЗА РОДИТЕЛИТЕ НА УЧЕНИЦИТЕ*
*од СОУ „Кочо Рацин" Свети Николе*

- *Родителот е должен редовно да го следи успехот, учењето и поведението на своето дете, да ги следи неговите јавни настапи и неговите постигнувања на натпревари;*
- *Родителот треба да соработува со клсниот раководител, да го следи развојот и да го информира за индивидуалните карактеристики на своето дете;*
- *Родителот е должен да му објасни на своето дете дека доколку е запишано во стручното училиште (земјоделско-ветеринарна струка, машинска струка и прехрамбрена струка) посетувањето на практичната наставата е задолжително;*
- *Родителот е должен редовно да ги исполнува обврските кон училиштето (материјални обврски, оправдување на отсуствата од часови, консултации со наставници и сл. );*
- *Пожелно е родителите да му помагаат на училиштето во остварувањето на воспитниот процес и планираните задачи, како и во настојувањето да се подобрат условите за работа;*
- *Родителите се партнери на училиштето во создавањето на условите за оптималниот развој на талентите;*
- *Соработката со училиштето треба да биде редовна, а не само пред крајот на полугодието или крајот на учебната година;*
- *Родителот треба да ги почитува наставниците и останатите вработени во училиштето, а тоа да го пренесе на своето дете;*
- *Во контактот со наставниците, родителот треба да покаже почит, физичките и вербалните напади се забранети;*
- *Родителот е должен да се придржува кон термините предвидени за индивидуални разговори, не може да инсистира наставникот да го прими за време на одржувањето на наставата, освен во „отворените" денови на училиштето или ако се работи за нешто итно и неодложно;*
- *Родителот треба да соработува со предметните наставници;*
- *Обврска на родителот е да доаѓа на родителските состаноци;*
- *Родителите треба да се запознаат со правилата на однесување во училиштето и да го мотивираат своето дете тие правила да ги прифати;*

- *Родителите треба да ги почитуваат професионалните одлуки и совети на наставниците во врска со постигнувањата на нивните деца;*
- *Родителите се интегрален дел на нашето училиште. Тие помагаат во целокупната работа на училиштето, во релизацијата на Годишната програма на училиштето и се вклучени во процесот на позитивните промени кои се случуваат во нашето училиште.*

# СОУ „Кочо Рацин“ Свети Николе

*Согласно протоколот и препораките за заштита од корона вирус Ковид-19 кодексот за родители се дополнува со следните точки*

- *Забранет е влез за родители/старатели освен на ученици со посебни образовни потреби со задолжително почитувањена мерката за физичка дистанца и носење на маска/прекривка за лице.*
- *Пренесувањето на информациитеи состаноците со родителите/старателите се одвива преку телефон или преку некоја онлајн апликација,којашто ќе ја договорат родителите и наставниците*

*Директор*